# И родителите се важни

## Како да му помогнете на вашето дете со – Броење

Едно од првите искуства на децата со броевите е "броењето". Броењето започнува со учење на низа зборови, исто како детска песничка. Со развивањето на способноста за броење кај децата, тие почнуваат да ги поврзуваат зборовите со количина или број на предмети.

### Како децата учат да бројат и да користат броеви?

Децата ги учат зборовите за броење со повторување. Во почеток, во оваа низа зборови може да има празнини каде детето испушта некој број од низата, или може да измислува броеви. Често може да се слушне дете да рече дваесет и десет откако ќе изброи дваесет и девет.

Меѓутоа, да се запамтат зборовите за секој број во точен редослед е само дел од процесот на броење. За да "бројат", децата треба да ги сложуваат зборовите за броеви со точниот број на "предмети".

На децата треба да им се дадат многу можности да вежбаат и да разгледуваат групи за броење како и да прават групи. Децата исто така треба да ги препознаваат и да ги именуваат броевите.




Curriculum K–12 Directorate, © NSW Department of Education

# И родителите се важни

## Што можете да правите дома?



- Избројте со детето колку копчиња има кога закопчувате џемпер или кошула.
- Поттикнувајте го детето да изброи колку штипалки користите кога простирате алишта за сушење.
- Бројте колку чекори има од влезната врата до поштенското сандаче.
- Бројте колку јајца има во еден картон, и повторно откако ќе извадите неколку.
- Бројте колку пати вие и вашето дете можете да си подавате топка без таа да ви падне.
- Читајте и зборувајте за приказни и песнички кои користат броеви.
- Пејте песни и детски песнички кои вклучуваат броеви, на пример, Five Little Ducks (Петте мали патки) и Baa Baa Black Sheep (Црната овца блее ли блее)
- Оставете го детето да изброи толку колку што може и после тоа поттикнете го да ви се придружи додека вие продолжувате со броењето.
- Замолете го детето да почне да брои од некој друг број, не од еден. Ова ќе им помогне кога ќе треба да соберат две групи и да можат да почнат да бројат од поголема група броеви.
- Прашајте го детето да ви го каже бројот кој доаѓа пред или после одреден број. Колку години ќе имаш следната година? Колку години имаше минатата година?
- Замолете го детето да ви даде доволно чинии, шолји или ножеви, вилушки и лажици за секој кога ја поставувате масата за јадење.



Curriculum K–12 Directorate, © NSW Department of Education

# И родителите се важни



- Играјте игри, на пример, домино, Snakes and ladders, игри со карти или игри со табли, за кои е потребна коцка со точки. Ова ќе му помогне на детето да препознава шеми и да брои. Сменете ја коцката со друга на која се прикажани броевите за да му помогнете на детето да чита и препознава броеви.
- Собирајте школки и сортирајте ги.  Избројте колку има во секоја група.
- Гледајте и кажувајте ги броевите на регистерските таблички и патоказите.
- Замолете го детето да ви помогне да ги изброите парчињата кога сечите нешто за јадење, на пример, пита, овошје или сендвичи.
- Направете дворови на фарма од празни картони.  Бројте ги животните играчки со детето додека тој или таа ги става во секој двор.  Поставувајте прашања: Во кој двор има најповеќе животни?  Откако ќе ставите неколку животни во еден двор, застанете и потоа продолжете со броењето додека ставате повеќе животни.
- Помогнете му на детето да го запамти вашиот телефонски број и да ги притиска точните копчиња на телефонот.


Curriculum K–12 Directorate, © NSW Department of Education